Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.бр.11-2450/9

Дата:21.12.2020 година
Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито бб
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 113, став 20 од Статутот на Општина Кавадарци, и донесената Програма за изменување и дополнување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци, глава I, точка 13, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното:

СООПШТЕНИЕ

За организирање на Јавна Презентација и Јавна Анкета

По **Детален урбанистички план за УЕ 6 за дел од Блок 6.2 „Блажо Алексов" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци**.

Граници на планскиот опфат се :

- на север границата се движи по осовината на сервисна улица 24 - булевар „Кочо Рацин",
- на исток границата се движи по осовината на сервисна улица 19 кеј „Блажо Алексов“,
- на југ границата се движи по осовината на сервисна улица 5 „Мирче Ацев“ и
- на запад границата се движи по осовината на станбена улица - „Партизанска“.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,64 ха.

Јавна Презентација и јавна анкета ќе се спроведе со излагање на **Детален урбанистички план за УЕ 6 за дел од Блок 6.2 „Блажо Алексов" КО Кавадарци град**во просториите на Општина Кавадарци.

Јавната анкета трае од 29.12.2020 до 15.01.2021 година, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

Во спомнатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавна Презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12.01.2021 година (Вторник) во 11.00 часот во просториите на Општина Кавадарци во Голема сала.

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Одржување на **Јавна презентација и Јавна анкета за Детален урбанистички план за УЕ 6 за дел од Блок 6.2 „Блажо Алексов" КО Кавадарци град** ќе се оджи согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примаена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2020). Кај присутните лица на Јавната презентација и јавна анкета задолжително треба да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и внатре во објектот, да обезбедат спроведување на задолжителна дезинфекција на раце при влез во објектот и задолжително носење на заштитна маска, марама или шал со кој ќе бидат покриени устата и носот на учесниците во јавната презентација и јавната анкета.

Арх.бр.11-2450/9

Дата:21.12.2020 година
Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито бб
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р Митко Јанчев